| | | - кај 1 оператори со храна извршено е промена во делот на носителот на решението за одобрување и со објектот работи ново правни лице - оператор со храна.<br>Утврден показател на успешност - 100% завршени предмети во законски предвидениот рок<br>Заклучно со 31.12.2021 година, постигната е 100% реализација на активноста. | |
| 2. Одобрување на објекти за извоз во Европска унија | 100% завршени предмети во законски предвидениот рок | Во 2021 година, по претходна спроведена постапка согласно Упатството за начинот на одобрување и контрола на објектите за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло која се извезува во земјите членки на Европската Унија (УП 8.5-2.1-05в04) од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство до Европската Комисија - DG SANTE, Directorate F, Health and Food Audits and Analysis, доставено е барање бр. 02-2468/1 од 12.10.2021 за ставање на листата на објекти и оператори за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло - производство на сладолед од млеко во прав.<br>Барањето од страна на Европската Комисија е прифатено и проследено за објавување на листата на одобрени објекти од трети земји за извоз во Европската унија на 24.10.2021 година. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Исто така до Европската Комисија - DG SANTE, Directorate F, Health and Food Audits and Analysis, со истото барање бр. 02-2468/1 од 12.10.2021 од 02.07.2020 година побарано е бришење на објект и оператор за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло – кланица за домашни чапункари од листата на одобрени кланици за извоз на месо од овци во Европската Унија, поради престанок на работа на кланицата и укинување на решението за одобрение.<br>Барањето од страна на Европската Комисија е прифатено и проследено за објавување на листата на одобрени објекти од трети земји за извоз во Европската унија на 24.10.2021 година. | |
| 3 Одобрување на објекти за извоз во трети земји | 100% завршени предмети во законски предвидениот рок | Во текот на 2021 година од страна на АХВ изготвени се 62 гаранции за објекти/оператори со храна од животинско потекло за извоз во трети земји кои не се членки на Европската унија, а по 6 барања се постапува односно барањата се доставени до официјлните ветеринари за спроведување на официјална контрола на наведените пбјекти.<br>По 8 поднесени барања изготвени се решенија за запирање на постапката, со оглед на тоа што од страна на официјалните ветеринари, по спроведената официјална контрола на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | наведените објекти, констатирано е дека е потребно спроведување на дополнителни активности со цел исполнување на барањата за извоз во соодветната трета земја. | |
| 4. Регистрација на правни лица увозници на храна од животинско потеко | 100% завршени предмети во предвидениот рок согласно Законот за безбедност на храна. | Во текот на 2021 година поднесени се 155 барања за регистрација на правни лица - увозници на храна од животинско потекло при што постапуваќи по нив :<br>а) извршен е упис во регистарот на правни лица - увозници на храна од животинско потекло и издадени се 146 изводи од регистарот на регистрирани правни лица увозници на храна од животинско потекло;<br>б) по 7 поднесени барања изготвени се решенија за запирање на постапката за регистрација на увозник на храна од животинско потекло, со оглед на тоа што подносителот на барањето не ја има доставено бараната документација согласно известувањето за доставување на дополнителна документација во определениот рок поради што е донесено решение за запирање на постапката поведена по барањето;<br>в) по две барања е постапено и извршено е бришење од регистарот на правни лица увозници на храна од животинско потекло поради престанок на вршење на активноста увоз на храна од животинско потекло. | |
| 5. Изготвување, следење и анализа на Годишниот план за мониторинг на | 95% земени мостри од страна на официјалните ветеринари од СИН и <2% | Согласно Годишниот план за мониторинг на резидуи и недозволени супстанции кај живи животни, производи и суровини од | |



qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2015 No.15994/0

| | | | |
|---|---|---|---|
| резидуи и недозволени супстанции кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло | несоодветно земени мостри | животинско потекло за 2021 година предвидени се вкупно 1172 мостри. Од страна на официјалните ветеринари од Секторот за инспекциски надзор вкупно се земени 1171 мостри или 99,91%.<br>Доставени се вкупно 28 известувања за неможност за земање на мостри или 2,39%. | |
| 6. Регистрација на примарното производство | 100% реализација на активноста | Согласно доставените податоци од страна на официјалните ветеринари од Секторот за инспекциски надзор во текот на 2021 година извршено е евидентирање на вкупно 58 примарни производители | |
| 7. Аудит на објектите и операторите со храна од животинско потекло кои извезуваат во земјите членки на Европската Унија | Утврден показател на успешност - спроведување на 100 % од планираните активности и мерки<br><br>Заклучно со 31.12.2021 година, постигната е 36% реализација на активноста. | Заклучно со 31.12.2021 година состојбата со спроведувањето на аудити на одобрените објекти и оператори со храна за извоз во ЕУ е следна:<br>Од вкупно 25 објекти и оператори со храна кои се наоѓаат на листата за извоз во ЕУ во 2021 година:<br>- извршени се аудити кај 8 објекти и оператори со храна со храна од животинско потекло<br>- кај 1 објект извршено е бришење од листата на одобрени за извоз во Европската Унија. | Поради појава на пандемијата со Ковид 19 вирусот, бројот на спроведените аудити е намален, делумно е извршен во отежнати услови поради појава на заболување на дел од вработените или смртни случаи.. |
| ***8. Следење и анализа на трансмисивните спонгиоформни енцефалопатии*** | | Вкупен број на записници за земање мостри од мозок за дијагностика на ТСЕ доставени од страна на Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно | |



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2015 No.15994/0

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | здравство до Одделението, се 439 записници.<br>Од нив вкупен број на доставени мостри за испитување на мозок за ТСЕ за говеда изнесува 1650, додека за овци бројот на мостри изнесува 164. | |
| 9. Изработка на законски и подзаконски акти | | Донесен е Правилник за формата и содржината на регистарот на одобрени објекти и оператори со храна од животинско потекло, начинот на издавање и повлекување на одобрението како и формата и содржината на одобрението согласно член 51 од Законот за безбедност на храна („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 138/21),<br>- во финална фаза на усогласување со СЗ е Правилникот за упатствата за процедурите за применување на HACCP принципите од страна на операторите со храна и начинот на спроведување на контролните постапки како и упатствата за вршење на официјални контроли и се очекува да биде усогласен и донесен во првиот квартал на 2022 година. | |
| ***10. Квалитет на храната од животинско потекло*** | | Од вкупно 75 млекари одобрени за производство реработка и манипулација со производи од млеко, 70 млекари се одобрени за изработка на производи од млеко од суровина млеко, додека останатите 5 се одобрени за производство на производи од млеко во прав и истите | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | немаат обврска да ја пополнуваат табелата.<br>Од наведените 70 млекари, 36 млекари започнааа со доставување на табелата со бараните податоци додека 34 млекари сеуште не се отпочнати со доставување на податоците од кои 2 се со времен прекин на работа и не вршат откуп на млеко.<br>Доставените табели со податоци во оваа почетна фаза на прибирање на податоци (почнувајќи од август 2021 година) неможат да се земаат за релевантни податоци за состојбата со квалитетот на млекото од причина што во текот на обработката на податоците констатирани се недостатоци во пополнувањето на табелата од страна на млекарите односно млекарите не ги пополнуват сите наведени податоци во соодветните колони во табелата при што дадената формула за пресметка на геометриската средина не функционира со точност. Исто така дел од млекарите доставуваат податоци во табела креирана од нивна страна кои податоци неможат да се обаботуваат односно да се користат за сумирање и обработка со другите податоци. За овчото млеко во поголем дел не се евидентираат податоци за испитувања за микроорганизми, а исто така за дел од кравјото млеко се евидентира податок само за едно испитување во наведениот | |



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2015 No.15994/0

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | месец за соматски клетки и две за микроорганизми наместо да се пополнува четири испитувања во циклус од два месеца за микроорганизми и три испитувања за циклус од три месеца за соматски клетки. Воочено е исто така кај дел од млекарите се врши корекција на табелата се бришат колони така да податоци неможат да се обработуваат и заеднички со другите податоци да се сумираат. За наведното е започнато со известување на млекарите и ќе биде изготвен допис со насоки за правилно пополнување на табелата за евиденција и пресметка на геометриска средина.<br>Согласно податоците доставени од млекарите кај само 8 млекари се евидентирани одгледувалишта кои ги исполнуваат критериумите за вкупниот број на колонии на микроорганизми и соматски клетки (100.000/400.000) кој број се движи околу 750 одгледувалишта од вкупно 3490 коперанти од кои млекарите кои доставија податоци вршат откуп на млеко односно процентуално околу 21%.<br>Со оглед дека најголем дел од млекарите користат млеко од одгледувалиштата кои не ги исполнуваат критериумите за сурово млеко во однос на микроорганизми и соматски клетки потребно е да се преземат корективни мерки за што со интерен допис – Известување во врска со доставата на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | податоци за млеко и квалитетот на млекото во 2021 година е доставено до раководителите на СИН и СВЈЗ | |
| | | | |
| 1. Одобрување на објекти и оператори со нуспроизводи од животинско потекло | 100% реализација на активности | Поднесено е 1 барање за одобрување на објекти и оператори со нуспроизводи од животинско потекло и издадено е 1 решение за одобрување на објекти и оператори со нуспроизводи од животинско потекло.<br>- Поднесена е 1- Пријава за измена на активностите, просториите или за затварање на постојниот објект и издадено е 1 решение за укинување на решението за одобрение на објект и оператор за производство, обработка и манипулација на нуспроизводи од животинско потекло (обработка на сурова кожа). | |
| 2 Регистрација на објекти и/или активности со нуспроизводи од животинско потекло | Донесено решение за 100% од поднесените барања за регистрација на објекти и/или активности со НПЖП во законски утврдениот временски рок од 30 дена. | Поднесени се вкупно 23 барања за запишување во регистарот на регистрирани објекти и/или активности со нуспроизводи од животинско потекло од кои:<br>-Издадени решенија за запишување во регистарот на регистрирани објекти и/или активности со нуспроизводи од животинско потекло 21 решенија и тоа регистрирани објекти за храна за домашни миленици -16, регистрирани објекти за органско ѓубре-2, регистрирани објекти за трофеи -1 и регистрирани објекти за козметички производи -2;<br>-Издадени се 2- решенија за одбивање на барањето за добивање на решение за запишување во регистарот на регистрирани објекти и/или активности со нуспроизводи од животинско потекло;<br>-Поднесени се 2- Пријави за измена на активностите, просториите или за затварање на постојниот објект и издадени се 2 решенија за одземање на решението за запишување во регистарот на регистрирани објекти и/или активности со нуспроизводи од животинско потекло. | |
| 3. Регистрација на правни лица кои вршат увоз на нуспроизводи од животинско потекло | Донесено решение за 100% од поднесените барања за регистрација на правни лица кои вршат увоз на нуспроизводи од животинско потекло во законски утврдениот временски рок од 30 дена | Поднесени се вкупно 15 барања за регистрација на правни лица кои вршат увоз на нуспроизводи од животинско потекло.<br>-Издадени се 14 решенија за регистрација на правни лица кои вршат увоз на нуспроизводи од животинско потекло;<br>-Издадено е 1 решение за одбивање на барање за регистрација на правни лица кои вршат увоз на нуспроизводи од животинско потекло; | |

| | | |
|---|---|---|
| | | -Поднесени се 4- Пријави за измена на активностите просториите или за затварање на постојниот објект и издадени се 4 решенија за измена на решение за регистрација на правни лица кои вршат увоз на нуспроизводи од животинско потекло. |
| 4 Издавање на согласност на оператори со нуспроизводи од животинско потекло | | Според обврските од Законот за нуспроизводи од животинско потекло во текот на 2021 година нема поднесено ниту едно барање за добивање на согласност за посебни услови за употреба на нуспроизводи од животинско потекло. |
| 5 Следење на ЕУ законодавството и негова транспозиција во националните прописи | | Изготвен е предлог текст на новиот Закон за нуспроизводи од животинско потекло, со кој целосно се транспонираат ЕУ регулативите 1069/2009, 142/2011 и 999/2001. Изработени се кореспондентни табела МК-ЕУ и ЕУ -МК зарегулативите 1069/2009, 142/2011 и 999/2001.<br>Предлог текст на нов закон за нуспроизводи од животинско потекло е доставен на мислење во Секретаријатот за Законодавство два пати по што е добиено мислење и забелешки (23.02.2021 година и 22.04.2021 година)<br>По однос на предлог текстот на законот, а по насоки од Секретаријатот за Законодавство побарано е и добиено е мислење од:<br>-Инспекциски совет (11.05.2021 година),<br>-Министерство за локална самоуправа (01.04.2021 година),<br>-Министерство за животна средина и просторно планирање (29.03.2021 година и 18.05.2021 година),<br>-Министерство за правда (11.05.2021 година и 15.06.2021 година) и<br>-Министерство за информатичко општество и администрација (28.05.2021 година и 07.07.2021 година). |
| 6 Аудит на одобрени објекти и оператори со нус животинско потекло | Степен на реализација 100% | Спроведени се 3 аудити од вкупно планираните 4 аудити кај одобрени објекти и оператори за производство, обработка и манипулација на нус производите од животинско потекло. И тоа два аудита кај одобрени објекти и оператори за производство, обработка и манипулација на нус производите од животинско потекло за биогас и еден во кои се ракува со и/или се складира кожа. |


qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2015 No.15994/0

| | | |
|---|---|---|
| | | Последниот предвиден аудит не се реализира заради престанок на работа на операторот. |
| 7 Надградба на Ветеринарно информативниот систем – ВИС и негова функционална примена | Поради задоцнети активности од страна на Софтерската куќа системот сеуште не е функционален и истиот е во тест фаза. | Тестирање, одржување и ажурирање на регистрите во ВИС системот со посебен осврт на ефикасноста и функционалната примена на електронската база на податоци, како и на понатамошната надградба на постојните и развивање на нови модули. Во периодот од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година се внесуваат и ажурираат регистрите за одобрувањето на објекти и оператори со нуспроизводи од животинско и регистрацијата на објекти/или активности со нуспроизводи од животинско потекло. |
| 8 Воспоставување на системот за спроведување на мониторинг за безбедност на нуспроизводи од животинско потекло и производите добиени од нив | 100% спроведен мониторинг на безбедност на нуспроизводи од животинско потекло и производите добиени од нив кај домашно производство | Од доставените извештаи од страна на Секторот за инспекциски надзор за реализација на активностите предвидени со планот, утврдено е дека во текот на 2021 година земени се 13 примероци од предвидените 13 примероци од домашно производство, и за истите се доставени известувања од факултетот за ветеринарна медицина без ниту еден позитивен наод<br><br>При увоз на нуспроизводи од животинско потекло во Република Северна Македонија според планот предвидени се 65 мостри од кои 30 мостри при увоз на храна за домашни миленици, 20 мостри при увоз на органски ѓубрива, компост и резидуи од биогас (дигестат), 10 мостри при увоз на преработени животински протеини кои не се наменети за исхрана на луѓето, вклучувајќи мешавини и производи кои не се храна за домашни миленици и кои го содржат тој протеин, 2 мостри при увоз на производи од крв кои не се наменети за исхрана на луѓето кои би можеле да се искористат како материјал за исхрана на животни и 3 мостри при увоз на производи од јајца кои не се наменети за исхрана на луѓето кои би можеле да се искористат како материјал за исхрана на животни. |
| | | |
| **1. Одобрување на оператори со** | Во текот на 2021 година е постигната 100% реализација на | Во текот на 2021 година поднесени се 2 барања за добивање на Решение за одобрение за вршење на дејност/употреба на објект за промет на големо со ветеринарно-медицински препарати (ветеринарна веледрогерија). Издадени се вкупно 4 Решение за одобрение за вршење на дејност/употреба на објект за |



qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2015 No.15994/0

| | | |
|---|---|---|
| **ветеринарно - медицински препарати** | предвидената активност. | промет на големо со ветеринарно-медицински препарати (ветеринарна веледрогерија) 2 биле по постапка од предходна година. |
| 2. Одобрување на ветеринарно медицински препарати / обнова / варијација. | Во текот на 2021 година е постигната 100% реализација на предвидената активност согласно предвидените законски рокови. | Во текот на 2021 година се поднесени 171 барања за добивање на Решение за одобрение за ставање во промет на ветеринарно -медицински препарат, Решение за обнова на одобрение за ставање во промет на ветеринарно - медицински препарат и Решение за. одобрение за ставање во промет на ветеринарно - медицински препарат заради промена. И тоа 76 барања за добивање на Решение за одобрение за ставање во промет на ветеринарно - медицински препарат заради промена, 62 барања за добивање на Решение за обнова на одобрение за ставање во промет на ветеринарно - медицински препарат и 33 барања за добивање на Решение за одобрение за ставање во промет на ветеринарно -медицински препарат.<br>Издадени се 65 Решенија за одобрение за ставање во промет на ветеринарно - медицински препарат заради промена, 31 Решение за одобрение за ставање во промет на ветеринарно -медицински препарат и 51 Решение за обнова на одобрение за ставање во промет на ветеринарно - медицински препарат. За 11 барања за добивање на Решение за одобрение за ставање во промет на ветеринарно - медицински препарат заради промена, 12 барања за добивање на Решение за обнова на одобрение за ставање во промет на ветеринарно - медицински препарат и 2 барања за добивање на Решение за одобрение за ставање во промет на ветеринарно -медицински препарат е започната управна постапка. |
| **3. Следење на употреба на ветеринарно-медицинск и препарати** | | Одделението за ВМП ги сумира податоците за количините за увезени антимикробни агенси за предходна година и достави извештај до OIE за количините на антибиотици наменети за употреба кај животните ( ОБ 8.5-2.2-54в02 - Регистар за употребени антибиотици кај животни). За увезените ветеринарно медицински препарати континуирано добива известување за секој увоз од страна на ветеринарните веледрогерии |
| .4. Следење на несаканите дејства на употребата за | | Во текот на 2021 година до Агенцијата за храна и ветеринарство има добиено едно Известување за појава на несакано дејство од употреба на ветеринарно-медицински препарат Floron 2g/100g - KRKA согласно Правилникот |

| | | |
|---|---|---|
| ветеринарно - медицинските препарати | | за формата и содржината на образецот, начинот на известување за сериозните, неочекуваните насакани и несакани дејства од употребата на ветеринарно-медицински препарати, како иначинот на нивно следење, собирање и евидентирање (“Службен весник на Република Македонија” бр. 112/12) и Правилникот за начинот на собирање, верификација и претставување на извештаите за несакани дејства на ветеринарно-медицински препарати, како и начинот на размена на информациите за ветеринарната фармаколошка внимателност (“Службен весник на Република Македонија” бр. 30/13). |
| 5 Годишен план за мониторинг на антимикробна отпорност за 2021 година | Индикатор:>95% земени мостри од страна на официјалните ветеринари од СИН и <2% несоодветно земени | Согласно Годишната програма за мониторинг на антимикробна отпорност за 2021 година предвидени се вкупно 480 мостри. Од страна на официјалните ветеринари од Секторот за инспекциски надзор заклучно со месец декември 2021 година вкупно се земени се 470 мостри или 97,92%. |
| 6 **Аудит на одобрени ветеринарни веледрогерии** | Во текот на 2021 година е постигната 100% реализација на предвидената активност. | Во текот на 2021 година е спроведен аудит односно ревизија кај пет (5) одобрени ветеринарни веледрогерии. Предвидената активност за 2021 година е спроведување на аудит на 20% од вкупниот број на одобрени ветеринарни веледрогерии. |
| 7 Измени и дополнувања на Законот за ветеринарно – медицински препарати | | Во рамки на редовните обврски а во дел и за довршување на обврските произлезени од Твининг проектот “Further development of competent authorities control systems to protect the human, animal and plant health” во рамки на предвидената активност, изработена е GAP анализа Законот за ветеринарно-медицински препарати и предлог Закон за ветеринарно-медицински препарати заради имплементација на Регулативата на Европскиот Парламент (ЕУ) 2019/6 од 11 декември 2018 година за ветеринарно-медицинските препарати |
| 8 Донесување и измени на подзаконски акти | Во текот на 2021 година е постигната 100% реализација на | Во рамки на редовните обврски а во дел и за довршување на обврските произлезени од Твининг проектот “Further development of competent authorities control systems to protect the human, animal and plant health” во рамки на предвидената активност, изработени се Листа на ветеринарно медицински |

| | | |
|---|---|---|
| | предвидената активност. | препарати кои се од посебен интерес во однос на здравствената заштита и благосостојба на животните и за кои се води евиденција за снабденоста и достапноста на пазарот – Есенцијална листа на ветеринарно медицински препарати како и Програма за снабденост и достапност на ветеринарно медицински препарати, кои се употребуваат за болестите утврдени во Годишната програма за здравствена заштита на животните. |
| 8. Примена на воспоставен Ветеринарно-информатив ен систем | | Од страна на Секторот за ветеринарно јавно здравство изготвени се забелешките во однос на информациониот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство и истите се доставени до економскиот оператор задолжен за тековно одржување и надоградба на истиот. |
| 9 Активности поврзани со национален центар за следење на несакани дејства од употреба на ВМП во Република Северна Македонија | | Активностите како што се информирање на стручната и пошироката јавност за несакани дејства на ветеринарно-медицински препарати преку печатени и електронски медиуми како и организирање семинари и советувања за стручната јавност во однос на рационалната употреба на ветеринарно-медицинските препарати, фармаколошката внимателност, добри пракси во ветеринарната медицина и други теми од значење за ветеринарно-медицинската не се реализирани од причини што единствениот подносител на барање за овластување за национален центар УКИМ Факултет за ветеринарна медицина – Скопје беше одбиено заради неисполнување на условите предвидени согласно член 56 – б од Законот за ветеринарно – медицински препарати и Правилникот за условите кои треба да ги исполнат субјектите како Национален центар за информирање за ветеринарно - медицинските препарати и начинот на кој ќе се врши информирањето за ветеринарно - медицинските препарати („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 155/20). |
| .11 Тековни активности | | Одделението за ветеринарно медицински препарати во своите тековни активности во 2021 година: следи промени на европската легислатива објавени во Official Journal на EU, промени во националната легислатива објавени во Службен весник на Република Северна Македонија, Ревидирање на ISO документација, изготвување процедури, упатства и т.н. во врска со ветеринарно-медицинските препарати, изработка на дописи и информации до операторите со ветеринарно-медицинските препарати, одговори на барања на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | странки и други субјекти, учество во работа на меѓународни и меѓуинституциски тела и комисии работни состаноци и слично. | |
| | | | |
| 1. Одобрување на објекти и оператори со храна за животни | 100% предмети се завршени во предвидениот рок согласно Законот за безбедност на храна за животни. | Во текот на 2021 година се поднесени шест барања за издавање на одобрение на оператор со храна за животни и објект за производство, обработка и манипулација со храна за животни. За две поднесени барања е издадено Решение за одобрение за оператор со храна за животни и објект за производство, обработка и манипулација со храна за животни. За две поднесени барања е издадено Решение за одобрение за оператор со храна за животни и објект за производство, обработка и манипулација со храна за животни со важност од три месеци од денот на издавањето на решението. За едно поднесено барање е издадено Решение за одбивање на барање за одобрение на оператор со храна за животни и објект за производство, обработка и манипулација со храна за животни. За едно барање е издадено Известување за дополнување на документација. Врз основа на доставен Записник од извршен инспекциски надзор во кој е констатирано дека операторот со храна за животни го променил називот на правното лице со промена на даночниот и матичниот број е издадено Решение за одземање на решението за одобрение за оператор со храна за животни и објект за | |

qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2015 No.15994/0

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | производство, обработка и манипулација со храна за животни. | |
| 2. Регистрација на објекти и оператори со храна за животни | 100% предмети се завршени во предвидениот рок согласно Законот за безбедност на храна за животни. | Во текот на 2021 година се поднесени 55 барања за добивање решение за запишување во регистарот на регистрирани објекти и оператори со храна за животни. За 47 барања е издадено Решение за запишување во регистарот на регистрирани објекти и оператори со храна за животни во законски предвидениот рок, а за шест барања е издадено Решение за одбивање на барање за добивање решение за запишување во регистарот на регистрирани објекти и оператори со храна за животни. За едно поднесено барање постапката на регистрација е во тек и за истото се чека да се достави записник од извршен инспекциски надзор од Секторот за инспекциски надзор. За едно поднесено барање постапката е во тек и за истото е издадено известување за докомплетирање на документација.<br>Во текот на 2021 година е поднесена една пријава на промена на активностите, просториите или престанок на работа на регистрираните објекти и оператори со храна за животни за што е издадено Решение за измена на решение за запишување во регистарот на регистрирани објекти и оператори со храна за животни. Врз основа на доставен Записник од извршен инспекциски надзор во кој е констатирано дека објектот и операторот со храна за животни престанал | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | да работи, издадено е Решение за одземање на решението за регистрација на објектот и операторот со храна за животни. Во текот на 2021 година е издадено едно Решение за исправка на решение за запишување во регистарот на регистрирани објекти и оператори со храна за животни. | |
| .3. Регистрација на правни лица увозници на храна за животни | 100% предмети се завршени во предвидениот рок согласно Законот за безбедност на храна за животни.. | Во текот на 2021 година се поднесени 15 барања за регистрација на увозници на храна за животни. За тринаесет барања е издадено Решение за запишување во регистарот на увозници на храна за животни во законски предвидениот рок, а за едно барање за регистрација на увозници на храна за животни е издадено Решение за одбивање на барање за регистрација на увозник на храна за животни. За едно барање е издадено Решение за запирање на постапката. Во текот на 2021 година е издадено едно Решение за исправка на решение за запишување во регистарот на увозници на храна за животни. | |
| 4. Следење на ЕУ законодавство и негова транспозиција во националните прописи | 100% реализација на активностите согласно Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија за 2021 година | Во рамки на предвидената активност, изработен е Предлог текст на Законот за безбедност на храната за животни. Правилникот за категориите и функционалните групи на адитивите за храна за животни, поблиските услови за декларирање, минималните карактеристики кои треба да се означат како и начинот на опишување на адитивите за храна за животни со кој се | |



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2015 No.15994/0

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | врши усогласување со со Регулативата (ЕК) Бр. 1831/2003 на Европскиот Парламент и Совет од 22 септември 2003 година за адитиви кои се користат во исхрана на животни (CELEX број 32003R1831), Регулативата на Комисијата (ЕК) Бр.2009/0386 на Европскиот Парламент и на Советот од 12 мај 2009 година за изменување на Регулативата (ЕК) Бр. 1831/2003 на Европскиот Парламент и на Советот во врска со формирање на нова функционална група на адитиви за храна за животни (CELEX број 32009R0386), Регулативата на Комисијата (ЕК) Бр. 2015/327 на Европскиот Парламент и на Советот од 2 март 2015 година за изменување и дополнување на Регулативата (ЕК) Бр. 1831/2003 на Европскиот Парламент и на Советот во однос на барањата за ставање во промет и условите за користење на адитиви кои се состојат во подготовките (CELEX број 32015R327), Регулативата на Комисијата (ЕК) Бр.2015/2294 на Европскиот Парламент и на Советот од 9 декември 2015 за изменување и дополнување на Регулативата (ЕК) бр. 1831/2003 на Европскиот парламент и на Советот во врска со формирање на нова функционална група на адитиви за храна за животни (CELEX број 32015R2294) и Регулативата на Комисијата (ЕК) 2019/962 на Европскиот Парламент и на Советот од 12 јуни 2019 година за изменување и | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | дополнување на Анекс I на Регулативата (ЕЗ) бр. 1831/2003 на Европскиот парламент и на Советот во врска со формирање на две нови функционални групи на адитиви за храна за животни (CELEX број 32019R962) е објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 148 од 02.07.2021 година.<br>Изработени се следните подзаконски прописи:<br>1. Правилник за начинот и постапката за земање примероци, начин и методи на вршење на лабораториски анализи на храната за животни („Службен весник на РСМ“ бр. 274 од 17.11.2020 година) со кој се врши усогласување со Регулативата на Комисијата (ЕУ) број 51/2013 од 16 јануари 2013 година за изменување и дополнување на Регулативата на Комисијата (ЕК) број 152/2009 од 27 јануари 2009 година во врска со методите за анализа за определување на состојките од животинско потекло, за официјална контрола на храна за животни (CELEX бр. 32013R0051) кој е во завршна фаза на усогласување со Секретаријатот за законодавство;<br>2. Правилник за начинот за поднесување барање, како и формата и содржината на барањето за добивање или обновување на одобрението за ставање во промет на адитиви за храна за животни со кој се врши усогласување со Регулативата (ЕК) Бр. 1831/2003 на Европскиот Парламент и | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | на Советот од 22 септември 2003 година за адитиви кои се користат во исхрана на животни (CELEX број 32003R1831) и<br>3. Правилник за условите и постапката за издавање одобрение за ставање во промет ГМ храна за животни и условите за нејзин промет и употреба и условите за ставање во промет на храната за животни која содржи и/или се состои од ГМО, вклучувајќи ги и количините во рифузна (растурена) состојба, како и употребата на ГМ храна за животни, и условите кои се однесуваат на следењето, означувањето на ГМ храна за животни и посебните барања за посебно означување со кој се врши усогласување со Регулативата (ЕК) Бр. 1829/2003 од 22 септември 2003 година за генетски модифицирана храна и храна за животни (CELEX број 32003R1829), изменета и дополнета со Регулативата на Комисијата (ЕК) Бр. 1981/2006 од 22 декември 2006 година за деталните правила за имплементирање на член 32 од Регулативата (ЕК) Бр. 1829/2003 на Европскиот парламент и на Советот во врска со референтна лабораторија на Заедницата за генетски модифицирани организми (CELEX број 32006R1981), Регулативата (ЕК) Бр. 298/2008 на Европскиот парламент и на Советот од 11 март 2008 година за изменување на Регулативата (ЕК) Бр. 1829/2003 за генетски модифицирана храна и храна за животни, во однос на | |


qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2015 No.15994/0

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | овластувањата за спроведување доделени на Комисијата (CELEX број 32008R0298), Регулативата (ЕК) Бр. 2019/1381 на Европскиот парламент и на Советот од 20 јуни 2019 година за транспарентноста и одржливоста на проценката на ризикот на ЕУ во синџирот на исхрана и измените Регулативи (ЕК) Бр. 178/2002, (ЕК) Бр. 1829/2003, (ЕК) Бр. 1831/2003, (ЕК) Бр. 2065/2003, (ЕК) Бр. 1935/2004, (ЕК) Бр. 1331/2008, (ЕК) Бр. 1107/2009, (ЕУ) 2015/2283 и Директивата 2001/18/ЕК (CELEX број 32019R1381) и Регулативата (ЕК) Бр. 1830/2003 од 22 септември 2003 година за следливост и означување на генетски модифицирани организми и следливост на прехранбени производи и храна за животни произведени од генетски модифицирани организми и измена на Директивата 2001/18/ЕК (CELEX број 32003R1830), изменета и дополнета со Регулативата (ЕК) Бр. 1137/2008 на Европскиот парламент и на Советот од 22 Октомври 2008 година за усвојување на голем број инструменти кои се предмет на постапката утврдена во член 251 од Договорот за Одлуката на Советот 1999/468/ЕК, во однос на регулаторната постапка со контрола - Адаптација на регулаторната постапка со контрола - Дел Еден (CELEX број 32008R1137) и Регулативата (ЕУ) Бр. 2019/1243 на Европскиот Парламент и на Советот од 20 јуни 2019 година за адаптирање на голем | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | број правни акти кои обезбедуваат употреба на регулаторната постапка со контрола на Членовите 290 и 291 од Договорот за функционирање на Европската унија (CELEX број 32019R1243). | |
| 5. Зајакнување на воспоставениот функционален систем за контрола на безбедноста на храната за животни | Степен на реализација приближно 90% | Од доставените извештаи од страна на Секторот за инспекциски надзор за реализација на активностите предвидени со оваа програма, утврдено е дека во текот на 2021 година се земени вкупно 338 примероци од предвидените 375 примероци или приближно 90%. | |
| 6. Аудит на одобрени објекти и оператори со храна на животни | Во текот на 2021 година е постигната 100% реализација на предвидената активност. | Во текот на 2021 година е спроведен аудит односно ревизија од централно ниво на четири одобрени оператори и објекти со храна за животни од страна на членовите на стручната комисија за одобрување на оператори со храна за животни и објекти за производство, обработка и манипулација со храна за животни. | |
| 7. Примена на воспоставен Ветеринарно-информатив ен систем | | Во текот на 2021 година се внесени одобрените и регистрираните оператори со храна за животни и објекти за производство, обработка и манипулација со храна за животни и регистрираните увозници на храна за животни. | |
| 8. Тековни активности | | Во текот на 2021 година започна процесот на дигитализација на четиринаесет услуги преку ИПА проектот на МИОА, во кој одделението за безбедност на храна за животни и исхрана на животните учествуваше со две услуги, и тоа: | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 1. Регистрација на објекти и оператори со храна за животни и<br>2. Регистрација на правни лица увозници на храна за животни.<br>Како резултат на погоре наведената активност, се изработени два документи: C2_D2.1_20210930_ Status Report on e-Services from FVA_V1.0_END и 2.2 Legal analysis of e-services from Food and Veterinary Agency.<br>Согласно заклучокот на Владата од 107-та седница за спроведување на проектот за дигитална трансформација на услугите во државните институции, изработен е План за дигитализација на услугите во кој се наведени сите услуги кои ги нудиме на граѓаните со прецизни рокови кога ќе се спроведува таа активност во текот на 2022 година, со исклучок на услугите кои ќе се спроведуваат преку ИПА проектот на МИОА. | |
| | | | |

**ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ**


qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2015 No.15994/0

| Мерка/активност | Образложение | Влијание | Препорака |
|---|---|---|---|
| | | | |

## 2 СЕКТОР ЗА ХРАНА ОД НЕЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

- Прегледот на активностите се дадени во делот за приоритетите од стратешкиот план

| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1. Преглед на документација и издавање на решенија за користење на здравствени тврдења во комерцијални цели | Број на издадени одобренија/мислења за производи кои што имаат нутритивни и здравствени тврдења во комерцијални цели при означување, презентација и рекламирање на храната во рок пократок од законски предвидениот. Процент на реализација 100%. | Агенцијата за храна и ветеринарство во текот на 2021 година има решено вкупно **917 барања за одобрување на здравствени тврдења** од кои :<br><br>**Вкупно решени барања од 2021 година**<br><br>- со решенија за одобрување – **508**<br>- со решенија за неодобрување **- 157**<br>- со решенија за запирање на постапката на одобрување /за здравствени тврдења кои се на листата на чекање на здравствени тврдења за кои не е завршена процената од страната на Европската агенција за безбедност на храната (EFSA) или не е | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | финализирана одлуката од Европската Комисија / на здравствени тврдења по барање на операторот со храна / на здравствени тврдења поради непотполна документација - **217**<br>- со решенија за отфрлање на барање за одобрување на здравствени тврдења (неподлежат на процедурата за одобрување на здравствени тврдења **-35.** | |
| 3. Програма за контрола и превентива на одделни физички, хемиски и биолошки опасности во определени видови или категории храна за 2021 година. | | Во текот на реализацијата на програмата извршени се анализи на вкупно 201 мостра на храна со извршени 849 анализи на поединечни параметри. | |
| 3.6 Изработка на Мислења за усогласеност на производ од групата додатоци на исхрана, храна за посебна нутритивна употреба и збогатена храна со националната легислатива за посебните видови храна | | поднесени се вкупно 1495 барања за издавање на мислења за усогласеност на производ од групата посебни видови храна. Од овие барања 1201 се однесуваат за додатоци на исхрана, 231 за храна за посебна нутритивна употреба и 63 за збогатена храна.<br>По извршен увид во документацијата за производите за кои се бара мислење и спроведена постапка за проверка на усогласеност со релевантните правилници за посебни видови храна | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | издадени се мислења за 1236 производи од кои 971 за додатоци на исхрана, 204 за храна за посебна нутритивна употреба и 61 за збогатена храна. Од вкупно издадените 1236 мислења 1104 се позитивни а 132 се негативни. | |
| 4.1 Преглед на документација и издавање на одобренија/мислење за ставање во промет на производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храна | | Во 2021 година од страна на операторите со храна поднесени се вкупно 1988 барања за издавање на мислења/одобренија за производство и ставање во промет на производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храна.<br><br>По извршен увид во документацијата и проверка на усогласеност со релевантните правилници за производите и материјали кои доаѓаат во контакт со храна од вкупниот број поднесени барања решени се 1667 барања, 144 не подлежат на одредбите на правилникот, 35 барања се во процедура и 142 се запрени поради непотполна документација. | |

**ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ**

| Мерка/активност | Образложение | Влијание | Препорака |
|---|---|---|---|
| / | / | / | / |

| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1.Спроведени инспекциски надзори и инспекциски мерки | | / | |
| Спроведување на официјални контроли и активности во здравствена заштита и благосостоба на животинте | Планирани да се извршат 13400 контроли<br>Извршени се Вкупно 16549 контроли.<br><br>•Редовни -9059<br>•Вонредни -6456<br>•Контролни -1034 | | |
| Спроведување на официјални контроли и активности во ветеринарно јавно здравство | Во одделението се планирани да се извршат 9500 контроли,а извршени се 21244 контроли.<br>Редовни - 10296<br>Вонредни-9124<br>Вонредни-1824 | | |
| Спроведување на официјални контроли и активности на оператори со храна од неживотинско потекло | Планирани да се извршат 21800 контроли.<br>Реализирани се 11797<br>Редовни-10221<br>Вонредни-1045<br>Контролни-531 | | |
| Спроведување на официјални контроли на храна од увоз на Гранични инспекциски места | Увезени и прегледани се 14778 пратки | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Оделенеие за државна инспекција за здравствена заштита | | | |
| Официјални контроли на одгледувалишта за говеда, овци и кози, за утврдување на исполнетоста на одредбите со Законот за идентификација и регистрација на животните | Вкупно 2097 официјални контроли. | | |
| Официјални контроли на одгледувалишта свињи и пчели за утврдување на исполнетоста на одредбите со Законот за идентификација и регистрација на животните | Вкупно 131 официјални контроли. | | |
| Официјални контроли на постапката на издавање и водење на евиденција за издадените Сертификати за здравствена состојба на животните од страна на овластени ветеринарни друштва и уплата на пропишаните средства во Буџет на РСМ | Вкупно 677 официјални контроли. | | |
| Официјални контроли на сите регистрирани/одобрени собирни центри и добиточни пазари и прометот со живи животни | Вкупно 274 официјални контроли. | | |
| Официјални контроли на ловните друштва во однос на спроведување на мониторингот за оралната вакцинација на лисиците против беснило и пријавувањето на животни за испитување на | Вкупно 1061 официјални контроли. | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| беснило, мониторингот на Класична чума и африканска свинска чума кај дивите свињи, како и во однос на пријавувањето на диви свињи за присуство болеста. | | | |
| Официјални контроли на промет и употреба на ветеринарно медицински препарати во ветеринарните друштва и во одгледувалишта на животни како и контрола на придружување на каренцата за ВМП од страна на фармерите | Вкупно 488 официјални контроли. | | |
